

С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К

на

Општина Ранковце

Службен гласник на Општина Ранковце Издавач: Општина Ранковце излегува по потреба	Година XXVI број 5 30 Мај 2025 година Ранковце	Гласникот е бесплатен

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Ранковце за к.п.бр.5129/4, КО Ранковце

1.Се прогласува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Ранковце за к.п.бр.5129/4, КО Ранковце, донесена на 53-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 28.05.2025 година.

2.Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Ранковце за к.п.бр.5129/4, КО Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-758/1
30.05.2025 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („ Службен весник на РМ“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РСМ“ бр. 174/2021), член 2, став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („ Службен весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општината Ранковце на седницата одржана на ден 28.05.2025 година, донесе

О Д Л У К А
За утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Ранковце за к.п.бр.5129/4, КО Ранковце

Член 1

Се утврдува потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Ранковце.

Член 2

Локалитетот за кој се врши утврдување потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Ранковце се наоѓа на к.п.бр.5129/4, КО Ранковце, м.в. „Крајчина мала“ сопственост на Славе Костадиновски.

Член 3

За овој локалитет нема урбанистички планови, ниту локална урбанистичка планска документација.

Член 4

Со изработка на урбанистичката- планска документација на овој локалитет ќе се предвиди намена домување во станбени куќи– А1.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр. 09-712/4
28.05.2025 година
Ранковце

СОВЕТ НА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Претседател,
Александра Стамболиска Јовановска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот за усвојување на Елаборат за утврдена процена на штета од елементарна непогода-Врнежи од град на ден 14.06.2024 година на подрачјето на Општина Ранковце

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Елаборат за утврдена процена на штета од елементарна непогода-Врнежи од град на ден 14.06.2024 година на подрачјето на Општина Ранковце, донесен на 53-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 28.05.2025 година.

2.Заклучокот за усвојување на Елаборат за утврдена процена на штета од елементарна непогода-Врнежи од град на ден 14.06.2024 година на подрачјето на Општина Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-758/2
30.05.2025 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), а во согласност со Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Советот на Општина Ранковце на 53-та седница одржана на ден 28.05.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Елаборат за утврдена процена на штета од елементарна непогода-Врнежи од град на ден 14.06.2024 година на подрачјето на Општина Ранковце

1. Се усвојува Елаборатот за утврдена процена на штета од елементарна непогода - Врнежи од град на ден 14.06.2024 година на подрачјето на Општина Ранковце, изработен од Комисијата за процена и утврдување на висина на штета од природни непогоди во Општина Ранковце.
2.
3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-712/5
28.05.2025 год.
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска Јовановска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Ранковце за 2025 година

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Ранковце за 2025 година, донесен на 53-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 28.05.2025 година.

2.Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за одржување на јавначистота на територијата на Општина Ранковце за 2025 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-758/3
30.05.2025 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24) и член 23 став 1 точка 27 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 53-та седница одржана на ден 28.05.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Извештај за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Ранковце за 2025 година

1.СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за одржување на јавначистота на територијата на Општина Ранковце за 2024 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-712/6
28.05.2025 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска -Јовановска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за финансиско работење на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2025 година, за прв квартал

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештај за финансиско работење на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2025 година, за прв квартал, донесен на 53-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 28.05.2025 година.

2.Заклучокот за усвојување на Извештај за финансиско работење на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2025 година, за прв квартал, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-758/4
30.05.2025 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, и „Слжбен весник на Република Северна Македонија’’ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24) и член 23 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 53-та седницата одржана на ден 28.05.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Извештај за финансиско работење на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2025 година, за прв квартал

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за финансиско работење на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2025 година, за прв квартал бр.0103-63/1 од 29.04.2025 година, со дадено Позитивно мислење бр.0202-63/1 од 29.04.2025 година од Надзорниот одбор на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН – Ранковце и усвоен од Управниот одбор на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН – Ранковце со Одлука бр.0201-66/1 од 29.04.2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-712/7
28.05.2025 год.
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска - Јовановска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за работни активности на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2025 година, за прв квартал

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештај за работни активности на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2025 година, за прв квартал, донесен на 53-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 28.05.2025 година.

2.Заклучокот за усвојување на Извештај за работни активности на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2025 година, за прв квартал, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-758/5
30.05.2025 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, и „Слжбен весник на Република Северна Македонија’’ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24) и член 23 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 53-та седницата одржана на ден 28.05.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Извештај за работни активности на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2025 година, за прв квартал

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работни активности на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2025 година, за прв квартал бр.0103-63/2 од 29.04.2025 година, усвоен од Управниот одбор на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН – Ранковце со Одлука бр.0201-66/1 од 29.04.2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-712/8
28.04.2025 год.
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска - Јовановска,с.р.

С О Д Р Ж И НА

1. **Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Ранковце за к.п.бр.5129/4, КО Ранковце**
2. **Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Ранковце за к.п.бр.5129/4, КО Ранковце**
3. **Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Елаборат за утврдена процена на штета од елементарна непогода-Врнежи од град на ден 14.06.2024 година на подрачјето на Општина Ранковце**
4. **Заклучок за усвојување на Елаборат за утврдена процена на штета од елементарна непогода-Врнежи од град на ден 14.06.2024 година на подрачјето на Општина Ранковце**
5. **Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Ранковце за 2025 година**
6. **Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Ранковце за 2025 година**
7. **Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за финансиско работење на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2025 година, за прв квартал**
8. **Заклучок за усвојување на Извештај за финансиско работење на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2025 година, за прв квартал**
9. **Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за работни активности на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2025 година, за прв квартал**
10. **Заклучок за усвојување на Извештај за работни активности на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2025 година, за прв квартал**

----------/----------